Врз основа на член 124 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.184/13; 13/14, 44/14; 101/14; 132/14; 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 37 став 1 алинеја 4 од Статутот на ЈРП МРТ, по спроведената постапка по јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата 21-та седница, одржана на ден 16.12.2025 година, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ

I. Врз основа на член 124 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 39, член 40 и член 41 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио и телевизија, а во согласност со Одлуката за распишување Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ објавена на 21.11.2025 година, заверен со Арх. бр. 02-6477/2, Комисијата за разгледување на пријавите направи административна проверка на пристигнатите пријави во однос на комплетноста на доставените пријави и исполнувањето на условите од страна на подносителите на истите. Изборот на кандидатите беше спроведен на посебна седница на Програмскиот совет на МРТ, транспарентно во согласност со условите утврдени во конкурсот, Законот за аудио и аудиовизуелни услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

II. За членови на Надзорниот одбор на ЈРП Македонска Радиотелевизија се избрани:

- Оливер Зафировиќ
- Слободен Новески
- Марјана Стефановска
- Влатко Ѓорѓиевски
- Ерон Белули
- Лина Ѓорчева
- Метин Хоџа

III. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор на МРТ започнува на ден 16.12.2025 година и трае 5 (пет) години.

IV. Со членовите на Надзорниот одбор ќе се потпише Договор за уредување на односите меѓу ЈРП МРТ и членот на Надзорниот одбор на МРТ.

V. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати од изборот на членови на Надзорен одбор на МРТ, имаат право да поведат Управен спор во рок од 30 дена до надлежен суд согласно Законот за управни спорови.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Именуваните
- Одделение за правни работи на МРТ
- Сектор за финансиско работење
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО
- Архивата на МРТ.

Програмски совет на МРТ

Давор Пашоски
претседател

Бр. 02-6984/2
16.12.2025г.